Групација на агрегати, бетони и асфалти и
Групацијата на водостопанските претпријатија

***Сепарациите на речен песок и чакал – не се изземени од Законот за градежни производи***

Групацијата на агрегати, бетони и асфалти заедно со Групацијата на водостопанските претпријатија при Стопанската комора на Македонија на 11.05.2017 година одржаа заедничка средба на која беа презентирани новините од Законот за градежни производи, со посебен акцент на добивање на квалитетен производ, кој понатаму ќе се пласитра за производство на бетони и малтери.

Презентацијата, подготвена од страна на претставници од „ГЕИНГ“- Скопје, Градежниот институт „Македонија“ (ГИМ) - Скопје и Заводот за испитување на материјалите (ЗИМ) - Скопје, беше презентирана од Марјана Топаловска Ангелевска од „ГЕИНГ“ – Скопје, при што беше нагласено дека целта на оваа презентација е навремено запознавње на компаниите со обврските кои произлегуваат од законксите решенија, а тоа е контрола на самото производство од страна на производителот.

Водостопанските организации, беше истакнато, дека се само посредници меѓу компаниите кои имаат сепарациите и кои го откупуваат ископаниот речен материјал, а понатаму го сепарираат, така што обврската за фабричка контрола на производот (речен песок и чакал) претставува нивна обврска. Целата постапка околу издавање на Изјава за својства, треба да се почитува подеднакво, како и кај концесионерите на агрегати (варовници). Обврските околу начинот за обезбедување на Сертификат за сообразност издаден од страна телата за сертификација, подеднакво се однесуваат и за концесионерите и за сепарациите, така што, со исполнување на бараните технички услови, ќе се пласираат производи кои ќе ги задоволуваат стандардите, а со тоа ќе се обезбеди квалитетен краен производ кој ќе се вградува во објектите. Треба да се напомене дека со новите законски решенија веќе нема атести како досега, однонсо испитување кои се правеа на секои шест месеци, туку има континуирана контрола на квалитетот на производот, со обврска да ја обезбеди производителот. Доколку ова нема да биде почитувано и не се обезбеди изјавата за својства, беше потенцирано, дека тие производи нема да можат да бидат пласирани на пазарот.

На крај од состанокот се заклучи, презенатциите да се достават до присутните водостаопански претпријатија, а понатаму тие да ги достават до нивните партнери. Доколу има потреба, од страна на Комората и тимот кој ја изработи презентацијата, беше искажана спремност за одржување на дополнителни едукативни презентации, се` со цел, да се усполнат бараните законски услови за квалитетен градежен производ.

Марија Петроска
Игор Тасевски